ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1981/1
17-07-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава од непознат поднесител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025 година донесе

*ОДЛУКА*

Постапката по предметот со број 08-2849/1 од 14.06.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-2849/1 од 14.06.2023 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-2849/1 од 14.06.2023 година е оформен по електронска пријава од непознат подносител во која се дадени наводи за неподнесување на анкетни листови на членови на управен одбор во ________________, членови на надзорен одбор на ________________, директорот на ___________________________ и директорот на ______________________________.

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел прибирање податоци и информации за горенаведените лица за тоа кога биле именувани односно разрешени се обрати до општина Куманово со допис број 08-2761/2 од 28.10.2024 година.

Исто така ДКСК со барање број 08-2761/1 од 28.10.2024 година побара податоци и информации од Министерство за здравство за тоа кога е именуван и/или разрешен од функција ______________ лицето ______________.

Од страна на Општина Куманово доставени се податоци за горенаведените лица за тоа кога се именувани за членови на управен и надзорен одбор на - ______________ со допис број 08-2761/3 од 08.11.2024 година.

Од министерство за здравство добиени се податоци за лицето ______________ за тоа кога е именуван и кога му престанала функцијата ______________ со допис број 08-2761/4 од 18.11.2024 година.

По извршениот увид во базата на ДКСК утврдено е дека лицата членови на управниот и надзорниот одбор на ______________ немаат доставено анкетни листови за соодветната функција, односно некои од нив имаат доставено анкетни листови но надвор од законски определениот рок.

Во конкретниот случај лицата што се избрани за членови на управен одбор на ______________ и лицата што се избрани за членови за надзорен одбор на ______________ согласно член 82, став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси имале обрска најдоцна во рок од 30 дена од денот на именувањето односно до 21.02.2022 година да поднесат анкетни листови до ДКСК.

Согласно со член 41 став 1 и 4 од Законот за прекршоци ( Службен весник на РСМ бр 96/19 и 253/23 ) Прекршочната постапка не може да се води ако поминат две години од денот на последното дејствие на прекршокот и застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителите не е поведена , настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води.

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ______________ во законски предвидениот рок по избор и по престанок на функцијата ______________во ______________ има поднесено анкетен лист за именување на ова фунцкија и изјава за имотна сосотојба и интереси за разрешување од ова функција.

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ______________ во законски предвидениот рок по избор и по престанок на функцијата ______________ на ______________нема поднесено изјава за имотна сосотојба и интереси за именување и за разрешување од ова функција.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

За лицето _______________ има отворен и друг предмет со бр.08-2528 на 24.09.2024 и ДКСК изготви записници за констатиран прекршок и прекршочни платни налози за неподнесување изјави за имотна состојба и интереси и истите ги достави до _______________.

___________________ по добивање на прекршочните платни налози има постапено по истите и ја платил ГЛОБАТА.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик Претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

**Изготвил:** К.Б, Помлад соработник
Б.С, Советник
**Контролирал:** м-р Н.Т.М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk